моторно возило“. Разбојничката кражба ја извршиле на 27.11.2019 на ул. „Благоја Тоска“ во Тетово, одземајќи патничко возило „ауди а6“, сопственост на Х.К.(32) од Тетово. Тој ги забележал и се обидел да ги спречи, но го прегазиле и заминале. Додека, двете кривични дела „одземање моторно возило“, ги сториле во периодот од 31.07.2019 до 26.09.2019, во Тетово, при што го користеле невниманието на сопствениците, кои возилата ги оставале со вклучен мотор, по што пријавените влегувале и ги одземале возилата.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи поднесе кривична пријава против К.Ѓ.(24) од Скопје, полициски службеник од СВР Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „малтретирање во вршење на служба“ и „лажно пријавување на кривично дело“. На 26.02.2020 на ул.„Славеј Ѓерѓиевски Шнајдер“, при преземање на службени дејствија го удрил Д.К.. За настанот изготвил службен материјал во кој навел дека бил физички нападнат и веднаш потоа се упатил во Комплексот клиники „Мајка Тереза“, а истиот ден било пријавено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста“.

На 11.03.2020 во 13.35 часот во Полициската станица Карпош, М.Н.(32) од Гевгелија пријавил дека на ул.„Козле“ бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Одделението за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против Д.С.(27) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста“. На 02.03.2020, пријавениот со метален предмет фрлал кон полициски службеници и се обидел да ги повреди. Набргу потоа, тој бил лишен од слобода и приведен во полициска станица.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Т.(33) и С.Т.(32), двајцата од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем“. На 26.04.2019, без согласност на оштетениот З.В (55) од Штип, спротивно на условите утврдени со закон, ги искористиле неговите лични податоци при аплицирање за брз онлајн кредит во износ од 10.000 денари, кој бил одобрен и паричните средства неовластено биле подигнати од банкомат со неговата платежна картичка.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.П.(47) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 07.09.2019 полициски службеници извршиле претрес во дом во Штип, при што пронашле и одзеле 58 куршуми калибар 7,62 мм., наменети за различни видови оружја, кои ги добил во текот на 2001 година, кога бил во составот на тогашната полициска единица „Лавови“, но не ги раздолжил во 2003 година, кога добил отказ.